**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1403 – 246/5**

**Скопје, 02. 04. 2007 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЕДИНИЦАТА**
**НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА КАРПОШ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Единицата на локална самоуправа Карпош сметка на Органот за 2005 година кои се прикажани на страните од 11 до 13.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финисирање на Единиците на локална самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Органот на Општина Карпош за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи, од точка 1 на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Андреј Петров – градоначалник од 01.01.2005 до 31.12.2005 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 10 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај, е планирана и извршена во периодот од 18. 01.2007 до 13.02.2007 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои преставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 16.03.2007 година со писмо број 08- 754/1 од 15.03.2007 година примени се забелешки по Предходниот извештај на овластениот државен ревизор од градоначалникот на општина Карпош. Истите се разгледани и е констатирано следното :

- забелешките на наодите од точките 10.1.1.;10.1.2.;10.2.1.;10.3.1.;10.3.2.;10.3.4.; 10.4.1.; 10.4.7., 10.5.1.;10.5.2.; 10.5.4. и 10.5.6. не се прифаќаат од причина што истите немаат карактер на забелешки но истите се коментари на препораките од таа причина наодите остануваат во Конечниот извештај.
- забелешките на наодите од точката 10.5.7. кои се однесуваат за јавните набавки од 2004 година делумно се прифаќаат.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**11.1. Неправилна примена на интерни акти**

11.1.1. Направени се расходи во износ од 291 илјади денари по основ на фактури кои се однесуваат на угостителски услуги од кои не е можно да се утврди:

- за кого е услугата (гости од странство, од домашни институции),и
- кој е корисник на услугата од општината и за кој повод истата е извршена.

Ова е спротивно на членовите 3 и 5 од Одлуката за користење на средства за трошоци за репрезентација во општина Карпош бр.08-147/2 од 31.01.2005 година.
Непочитувањето на спомenатата одлука создава можност за зголемени расходи и ненаменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.
**Препорака:**
Признавањето на расходите по основ на репрезентација да бидат во склад со споменатата одлука .

11.1.2. Кај актите од областа на Капиталните инвестиции ревизијата ги утврди следните недостатоци:

- Програмата за уредување на градежно земјиште за подрачјето на општина Карпош за 2005 година (не содржи конкретни објекти кои ќе бидат предмет на инвестиции. Од Градот Скопје не добиваат податоци кои објекти ќе бидат предмет на заедничка изградба во текот на годината, а за објектите кои се во исклучива надлежност на општина Карпош, се одлучува тековно заедно со месните заедници);
- Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште

за 2005 година (содржи податоци со финансиски износи на инвестициите за сите објекти кои се започнати во годината без разлика дали се завршени или не), и

- Евидентираните расходи во сметководството на општина Карпош за 2005 година по основ на Капитални инвестиции (во најголем дел се однесуваат на извршени работи од минати години).

Ваквиот начин на планирање, извршување и презентирање на Капиталните инвестиции на општина Карпош создава услови за субјективност во утврдувањето на приоритетите на објектите за градење, ја намалува транспарентноста, придонесува за трошење на актуелниот буџет за работи извршени во минати години и создавање обврски кон изведувачите за кои реално не може да се предвиди кога истите ќе бидат платени.

**Препорака:**

- Програмата за уредување на градежното земјиште да содржи конкретни објекти и финансиска конструкција за нивна реализација,и
- Да се обезбеди навремено добивање информации од службите на Град Скопје во делот на нивните планирани активности за изградба на објекти од заедничка надлежност.

### 11.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела

11.2.1. Од средствата на Буџетот на општина Карпош, потрошени се 211 илјади денари по основ на учество на општина Карпош во реконструкција на манастирот „Свети Ѓорѓи“, за кои Советот нема донесено одлука. Средствата се исплатени врз основа на решение од градоначалникот, од средствата за Капитални расходи иако за оваа намена не се планирани средства што е спротивно на законските одредби.
Недоследната примена на законската регулатива создава услови за субјективност и нетранспарентност во одлучувањето за користењето на јавните средствата.

**Препорака:**

Службите на општина Карпош да обезбедат доследно почитување на ингеренциите кај органите на општината.

11.2.2. Набавките на материјали и ситен инвентар не се евидентираат на залиха, ниту се евидентираат промените (прием и издавање) на материјалите и ситниот инвентар што е спротивно на одредбите од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. И покрај тоа што во општината има лице задолжено за ракување со материјалите нема изградено политика за евидентирање на залихите на материјали и ситен инвентар, а документација за прием и издавање на материјалите не е воопшто оформена.
Ефектот од предходно изнесеното е немање увид во состојбата на залихите на материјали и ситен инвентар, како и можности за погрешно проценување на билансните позиции и изготвување на нереални и необјективни финансиски извештаи.

**Препорака:**

- Евидентирањето на набавениот ситен инвентар и залихи на материјали да се врши согласно одредбите од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.
- Набавката на материјали да се регулира со Општ акт со кој:
  - ќе се утврди потребата за набавка;
  - ќе се регулира приемот со потврда за прием, која ќе биде потпишана и заверена од страна на одговорно лице,и
  - ќе се евидентира трошењето на материјалите со издатница/требување.

### 11.3. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите

11.3.1. Позицијата Основни плати и наемнини во Билансот на Приходи и расходи е преценета во вкупен износ од 2,188 илјади денари за кој износ е потценет Вишокот на приходи над расходи, а поради:

- исплатени 536 илјади денари по основ на плати, придонеси и даноци од плати и надомест за хранарина на Претседателот на советот кој спротивно на член 44 од Законот за локална самоуправа е вработен во општинската администрација заклучно со месец декември 2005 година ;
- исплата на 106 илјади денари по основ месечен паушален надоместок на градоначалникот и персонален данок за истиот исплатени спротивно на Законот за исплата на плати и надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и на другите избрани и именувани лица заклучно со месец јуни 2005 година;
- повеќе исплатени 1,546 илјади денари по основ надоместоци на советници и платениот персонален данок од надоместоци спротивно од утврденото право во член 100 од Законот за локална самоуправа.

Ова е резултат на неусогласеност на интерните акти и одлуки со законската регулатива во делот на плати и надоместоци .
Ревизијата за наодите од алинеа 1 и 2 не дава препораки од причина што претседателот на советот од 2006 година не е вработено лице во локалната администрација, а паушалот на градоначалникот е укинат во текот на 2005 година.
**Препорака:**
Советот при донесувањето на одлуките за висината на надоместоците на советниците да постапува согласно позитивната законска регулатива.

11.3.2. Ставката Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт е преценета во износ од 59 илјади денари за кој износ е потцент Вишокот на приходи над расходи. Ова се должи на повеќе направени расходи од страна на корисниците на мобилни телефони од дозволениот лимит согласно Одлуката за утврдување на начинот на располагање со телефонски броеви од мобилната телефонија чиј корисник е Општина Карпош. Истите не се рефундирани од надоместокот определен со Одлуката за утврдување на трошоците и надоместоците на членовите на Советот на Општина Карпош за советниците, односно од платата на вработените во општинската администрација за вработените.
**Препорака**:
Да се применува Одлуката за утврдување на начинот на располагање со телефонски броеви од мобилната телефонија чиј корисник е Општина Карпош за секој корисник на мобилен телефон.

11.3.3. Во текот на 2005 година од средствата на општина Карпош направени се расходи во вкупен износ од 1,044 илјади денари од кои:

- 839 илјади денари за спортски маифестации и
- 205 илјади денари за културни манифестации.

Овие манифестации се одржуваат скоро секоја година и тенденција е истите да бидат традиционални.
Општина Карпош нема донесено програми со финансиска подршка за реализација на овие манифестации, туку по завршувањето на манифестацијата се изготвува извештај за конктерната активност кој се проследува до Советот.
Непостоењето на вакви програми овозможува зголемени и нелимитирани расходи, неможност за следењето на реализацијата на манифестацијата од аспект што за дел од нив се обезбедни и средства од донатори.
Ревизијата не дава препорака по овој наод од причина што во текот на ревизијата овие слабости беа укажани на службите, и истите прифатија и изготвија финансиски

програми за овие манифестации кои се предмет на реализација во 2007 година.

11.3.4. Ревизијата не се увери во реалноста и објективноста на дел од расходите во вкупен износ од 5,272 илјади денари кои се однесуваат на ставките:

- Поправки и тековно одржување износ од 895 илјади денари и
- Капитални расходи во износ од 4,377 илјади денари.

Ова е поради необезбедено доволно поткрепувачка документација со која недвосмислено ќе се потврди настанот и е резултат на невоспоставени внатрешни контроли. Евидентирањето на расходите за кои не е обезбедена веродостојна, вистинита и уредна сметководствена документција е спротивно на член 12 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и создава можности за зголемени трошоци, погрешно проценување на билансните позиции, а со тоа и до изготвување на нереални финансиски извештаи. ( Прилог бр.1).

**Препорака:**

Надлежната служба во општината да ги почитува одредбите од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и евиденцијата на финансиските трансакци да ја врши на основа веродостојна и комплетна документација.

## 11.4. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба

11.4.1. Вредноста на ставката Материјални средства во делот на подставката Градежни објекти која е проценета во износ од 314 илјади денари е нереална и необјективна поради следново:

- Не се превземени активности за обезбедување имотни листи, не е извршена проценка на вредноста на имотот и не е извршено евидентирање во сметководствената евиденција на општина Карпош на доделениот недвижен имот согласно Решението 23-257/46 од 08.02.2000 година за пренесување право на сопственост на недвижен имот од Република Македонија на општина Карпош за спроведување на делбен биланс меѓу Република Македонија и општина Карпош;
- Извршено е евидентирање на вредноста на бараки кои согласно споменатото Решение не се сопственост на општината Карпош и за кои до изготвувањето на овој извештај, службите на општина Карпош не доставија доказ за сопственост.

11.4.2. Вредност на ставката Материјални средства во делот на подставката Опрема проценета во износ од 3,430 илјади денари е нереална и необјективна поради следново:

- не е извршено сметководствено евидентирање на возило Форд Фиеста и другата опрема превземена од Министерството за транспорт и врски, согласно Одлуката за пренесување на право на сопственост на движни ствари и за начинот на превземање на државните службеници, бр.19-261/1 од 30.06.2005 и Записникот за примопредавање на движните ствари кој од страна на општината е потпишан од градоначалникот. Ова е резултат на тоа што до периодот на вршење на ревизијата, ниту Министерството за транспорт и врски има доставено вредносни податоци за отстапената опрема до службите на општина Карпош, ниту пак службите превземале активности за проценка на вредноста на опремата согласно Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници;
- Општината Карпош располага со уметнички слики кои не се прикажани со пописот за 2005 година , ниту пак се евидентирани во сметководствената евиденција како зголемување на вредноста на Опремата и Изворите на деловните средства што е спротивно на Правилникот за сметководство на буџети и буџетски корисници;
- Општината Карпош располага со компјутери, принтери и пулт, добиени од различни донатори кои се прикажани со пописот за 2005 година , но не се

евидентирани во сметководствената евиденција како зголемување на вредноста на Опремата и Изворите на деловните средства што е спротивно на Правилникот за сметководство на буџети и буџетски корисници.

11.4.3. Проценетата вредност на ставката Материјални средства во делот на подставката Други материјални средства која е проценета во износ од 213 илјади денари е нереална и необјективна поради евидентирање на средства чија состојба се пренесува од минати години (превземена состојба од подрачната единица на Министерството за финасии до 2002 година), а за кои службите на општината не располагаат со никаква документација и немаат сознание за какви средства се работи.

11.4.4. Проценетата вредност на ставката Материјални средства во делот на подставката Исправка на вредноста на материјални средства која во билансот на состојба е проценета во износ од 28,058 ијлади денари, е нереална и необјективна а поради пресметана амортизација на дел од опремата по стапки кои не се во согласност со стапките објавени во Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.
Ревизијата не беше во можност да изврши квантификација на Исправката на вредноста на Материјалните средства поради неточно утврдена акумулирана исправка во периодот 2002-2004 година;

Претходно споменатите неправилности се резултат на следниве состојби:

- Непостои уредна аналитичка евиденција за основните средства согласно одредбите од член 8 став 2 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и член 7 став 5 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници што придонсува за неусогласување на сметководствената со состојбите утврдени со пописот ;
- не е утврдена вредноста на преотстапена и донирана опрема;
- Не е извршено инвентарисување на основните средства;

Сето ова придонесува и ставката Извори на деловни средства да биде нереално и необјективно проценета во Билансот на состојба на 31 декември.

**Препорака:**

- Да се обезбедат имотни листи од Државниот завод за геодетски работи, за имотот на општина Карпош;
- Да се изврши утврдување на вредноста на имотот и истата да се воведе во сметководствената евиденција;
- Да се обезбеди доследна примена на одредбите од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

11.4.5. Ревизијата не изразува мислење за реалноста и објективноста на проценетата вредност на ставките Обврски кон добавувачите и Активни временски разграничувања како нејзина кореспондентна ставка поради следното:

- Евидентирани се расходи во износ од 663 илјади денари кои се однесуваат на фактури - обврски од минати години, а кои не се евидентирани во соодветниот период;
- во делот на реализирањето на програмата за комунално уредување 43,887 илјади денари или 37% од новоевидентираните обврски во 2005 година за оваа програма се однесуваат за извршени работи за период од 2001 до 2004 година кои фактури се примени и архивски заведени во конкретните години и проследени до службата за сметководство, но сметководствено неевидентирани.
- од увидот во документацијата примена до 30.06.2006 година ревизијата утврди 11,910 илјади денари евидентирани обврски во 2006 година, по фактури и ситуации примени во 2004 и 2005, а кои исто така не се евидентирани во периодот за кој се однесуваат;

Ваквиот начин на евидентирање и проценување на билансните позиции е спротивно на одредбите од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и создава услови за:

- нереална процена на состојбата на обврските што ги има општина Карпош;
- исплати по обврски од минати години кои не се евидентирани;
- можности за неисполнување на годишната програма за комунално уредување за тековната година поради плаќања за стари обврски;
- судски процеси и дополнителни трошоци за камата.

11.4.6. Применувајќи го методот на детални испитувања на салдата, кон добавувачите на општина Карпош беа доставени конфирмации за усогласување на состојбите со кои се опфати 78,5% од проценетото салдо во Билансот на состојба на ден 31 декември 2005 година. Ревизијата не можеше да обезбеди доволно независни податоци за потврдување на состојбите бидејќи 61,29% од конфирмациите не беа вратени.
**препорака:**
Документацијата за обврските што ги створила општина Карпош да се евидентираат во сметководствената евиденција на општината во периодот за кој се однесуваат.

11.4.7. Проценетата состојба на позицијата Извори на капитални средства во делот на ставката Останат капитал (залихите на материјали, резервни делови, ситен инвентар и хартии од вредност) во износ од 248 илјади денари е нереална и необјективна поради необезбедна доволно поткрепувачка документација со која ќе се потврди вредноста на оваа ставка. Имено ова е превземена состојба од евиденцијата што се водела во подрачната единица на Министерството за финансии во Општина Карпош и истата е пренесена во главната книга на општина Карпош во 2002 година без да се обезбеди исполнување на одредбите на член 12 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.
Вредноста на оваа ставка не кореспондира со вредноста на позицијата Залихи во билансот на состојба од причина што вредноста е нула.
**препорака:**
Да се изврши усогласување и ажурирање на вредноста на оваа позиција согласно веродостојната документација со која располагаат службите на општина Карпош.

11.4.8. На сметките од вонбилансната евиденција евидентирани се сите капитални инвестиции за изградба на мостови, детски игралишта, спортски терени, реконструкции на улици, улично осветлување, паркови и други градби почнувајќи од 2002 година.
Проценетата состојба на оваа позиција е нереална и необјективна од следниве причини:

1. евидентирани се трошоци кои се однесуваат на донации и тековни расходи поради што е извршено неосновано зголемување на инвестициите;
2. ивестициите се групирани според изведувачи а не по објекти;
3. во текот на 2005 година направени се капитални расходи кои не се вклучени како инвестиции во тек на овие сметки во износ од 1,500 илјади денари;
4. дел од објектите за кои постојат документи и кои се сопственост на општина Карпош се евидентирани вонбилансно наместо да се водат на состојбените сметки.

**Препорака:**

- да се изврши ажурирање на состојбата на овие сметки од тековните трошоци;
- да се вкалкулираат неевидентираните трошоци од 2005 година (Гремекс);
- да се изврши разграничување на инвестициите по објекти;

- да се изготват интерни акти, за потребите на сметководствената евиденција на материјалните средства, со кои јасно ќе се дефинира кои материјални средства се сопственост на општина Карпош и ќе се водат билансно, а кои од нив ќе бидат во заедничка надлежност со Градот Скопје (улици и инфраструктурни мрежи) и ќе се водат вонбилансно.

## 11.5. Ненаменско и незаконско користење на средствата

**Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки**

При увидот во начинот на спроведување на постапките за јавни набавки, Ревизијата утврди неприменување на одредбите од Законот за јавни набавки (Сл.весник на РМ број 19/04, 109/05) и тоа:

11.5.1. Членовите на комисијата за јавни набавки не потпишуваат изјави за конфликт на интереси по јавното отварање на понудите за секоја постапка за јавна набавка спроведени во 2004 година и 2005 година што е спротивно на член 21 од Законот.

11.5.2. Спротивно на член 81 од Законот, побараната гаранција во висина од 5% од вредноста на набавката во објавениот повик, не е побарана како составен дел на понудата како гаранција дека во гарантниот рок ќе ги отстрани сите недостатоци кои ќе произлезат од договорот.

11.5.3. Во поголем број на договори не е прецизирано дали вредноста на договорот е со вкалкулиран данок на додадена вредност или не.

11.5.4. Склучени се анекси кон основните договори во износ од 3,951 илјади денари, поради зголемен обем на работа, за кои анекси не е обезбедена согласност од Бирото за јавни набавки што е спротивно на член 66 и 67 од Законот (Прилог 2 точка 1).

11.5.5. Извршени се набавки од мала вредност во износ од 319 илјади денари спротивно на член 72 од Законот (Прилог 2 точка 2).

11.5.6. Спроведена е постапка за јавна набавка со Отворен повик бр.02/05 за административно извршување на донесени управни акти (уривање-отстранување на бесправно изградени градежни објекти-градби, отстранување на монтажно-демонтажни времени објекти, земјени работи) за период од една година која не е предвидена во Планот за јавни набавки за 2005 година, не е извршена промена во Планот и истиот не е доставен до Бирото за јавни набавки. Комисијата постапила спротивно на член 45 од Законот бидејќи не извршила исклучување на еден од двата понудувачи кој не доставил доказ за регистрирана дејност –рушење согласно член 40. Избрана е фирмата која имала доказ за регистрирана дејност наместо да се повтори постапката. Во текот на 2005 година на фирмата Декадам трејд исплатени се 576 илјади денари за уривање на бесправно изградени градежни објекти.

Неспроведувањето на постапки за јавни набавки согласно Законот за јавни набавки создава можност за фаворизирање на одредени фирми, ја спречува конкуренцијата и придонесува за набавки по зголемени цени.

11.5.7. Ревизијата констатира неправилности во спроведените постапки за јавни набавки во 2004 година и тоа:

- Извештај-евалуација на понудите не е водена за спроведените постапки за јавни набавки во текот на 2004 година, туку веднаш по јавното отварање на понудите вршен е избор на најповолен понудувач, без да се изготви ранг листа на понудувачи што е спротивно на членовите 47 и 53 од Законот.

- Решенијата за избор на најповолен понудувач донесени во постапка за јавна набавка во текот на 2004 година, не содржат поука за жалба што е спротивно на член 54 став 2. (Прилог 3)

Овие неправилности кои се актуелни во спроведување на постапките за јавни набавки за 2004 година се надминати при работењето во 2005 година.

**Препорака:**

Градоначалникот како одговорно лице да создаде услови за целосна примена на Законот за јавни набваки во сите негови аспекти во зависност од видот и вредноста на набавката.

12. Вкупниот ефект од изнесените наоди во точките од 11.3.1. и 11.3.2 е преценување на Расходите за износ од 2,247 илјади денари, а потценување на Вишокот на приходи над расходи за истиот износ во Билансот на приходи и расходи за 2005 година.

13. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 11.3. и 11.4. финансиските извештаи не ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на сметката на Органот на Општина Карпош под 31 декември 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

14. Според наше мислење, освен за изнесеното во точките 11.3. и 11.5. кај сметката на Органот на Општина Карпош, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

15. Обрнуваме внимание во овој извештај, дека во однос на судските спорови што ги води Општина Карпош

a. општината е тужена странка во повеќе судски спорови и тоа:
    - по основ на долг кон правни лица износ од 10,632 илјади денари;
    - по основ на надомест на штета кон физички лица во износ од 12,200 илјади денари;
    - 6 предмети со неутврдена вредност по основ на утврдување на сопственост;
b. Во текот на 2006 година во фаза на присилно извршување се предмети по основ на долг кон Метал-Електрик во износ од 7,090 илјади денари и 1,006 илјади денари по основ на камата;
c. Општина Карпош е тужител во спорови по основ на долг чија вредност е 5,936 илјади денари.

Конечна разврска по ова прашање засега не може да се утврди ниту пак е изразена резерва по овој основ за евентуални ефекти врз финансиските извештаи на Општина Карпош за годината која завршува со 31 Декември 2005 година.

16. Општина Карпош не постапила согласно препораките од точка 1.1.и 1.2. во делот на исплатата на надоместоците на советниците , плата на преседателот на советот и паушалот на градоначалникот од извештајот од 2001 година и по препораките од точка 1.8. од извештајот за 2001 година во однос на евидентирање на имотот согласно Решението за пренесување право на сопственост на недвижен имот од Република Македонија на општина Карпош за спроведениот делбен биланс со РМ.

**17. Прифатени и корегирани неправилности од страна на Органот на општина Карпош во текот на ревизијата, а се однесуваат на:**

17.1. Извршено е зголемување на вредноста на Материјалните средства и Извори на средства поради евидентирање на:

17.1.1. Набавка на компјутерски софтвер 51 илјада денари и телефонска централа 175 илјади денари – налог за книжење 28/2006;

17.1.2. Набавка на телефони, моторна косилица и канцалариски мебел 199 илјади денари налог за книжење 27/2006;

17.1.3. Исправка на погрешно евидентиран отпис на набавна вредност на станови во износ од 13,808 илјади денари, исправка на погрешно евидентиран отпис на исправката на вредноста на становите во износ од 12,892 илјади денари и погрешно евидентирана неотпишана вредност на становите во износ од 979 илјади денари налог за книжење 25/2006 ;

Вредноста на Постојаните средства и Изворите на средствата по извршените корекции е 4,008 илјади денари ( предходна состојба 2,604 илјади денари).

17.1.4. Извршено е намалување на состојбата на ставките Побарувања и Пасивни временски разграничувања во износ од 10 илјади денари за извршен пренос на побарувањата на сметката на Буџетот налог 26/2006;

17.1.5. Извршено е намалување на состојбата на ставките Побарувања за дадени аванси и Побарувања и Пасивни временски разграничувања во износ од 84 илјади денари поради неевидентиран вратен аванс, налог за книжење 91/2006 ;

17.1.6. Зголемена е состојбата на ставките Добавувачи и Активни временски разграничувања како нејзина кореспондентна ставка секоја во поединичен износ од 48 илјади денари поради неевидентирани обврски налог за книжење 96/2006;

17.1.7. Издадени се реверси за мобилни телефони на лицата кои имаат право да користат службени мобилни телефони, на корисникот на диктафон и USB меморија.

**Скопје 26.03.2007 година** **Овластен државен ревизор**

## ОРГАН НА ОПШТИНА КАРПОШ

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1. | 93 | 85 |
| Трансфери и донации | 3.2. | 137.961 | 193.093 |
| **Вкупно приходи** | | **138.054** | **193.178** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.3.1. | 20.492 | 16.618 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.3.2. | 821 | 535 |
| Стоки и услуги | 3.3.3. | 52.507 | 22.179 |
| Субвенции и трансфери | 3.3.4. | 10 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **73.830** | **39.332** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.4. | 64.224 | 153.388 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **64.224** | **153.388** |
| **Отплата на главнина** | | **0** | **451** |
| **Вкупно расходи** | | **138.054** | **193.171** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **0** | **7** |

## ОРГАН НА ОПШТИНА КАРПОШ

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања | - | 0 | 10 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | - | 0 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1. | 38.668 | 27.580 |
| **Вкупно тековни средства** | | **38.668** | **27.598** |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 51 | 0 |
| Материјални средства | 4.2.2. | 3.957 | 4.179 |
| **Вкупно постојани средства** | | **4.008** | **4.179** |
| **Вкупна актива** | | **42.676** | **31.777** |
| **Вонбилансна актива** | 4.3. | **270.004** | |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.4.1. | 38.665 | 27.577 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.4.2 | 1 | 1 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.4.3 | 2 | 2 |
| Пасивни временски разграничувања | - | 0 | 18 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **38.668** | **27.598** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.5.1. | 4.008 | 4.179 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **4.008** | **4.179** |
| **Вкупна пасива** | | **42.676** | **31.777** |
| **Вонбилансна пасива** | 4.6. | **270.004** | |

## ОРГАН НА ОПШТИНА КАРПОШ

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2005 ГОДИНА

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **3.931** | **248** | **4.179** |
| **Зголемување по основ на:** | **1.721** | **-** | **1.721** |
| Набавки | 317 | - | **317** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | | | **-** |
| Ревалоризација на капитални средства | - | | **-** |
| | 1.404 | | |
| **Намалување по основ на:** | **1.892** | **-** | **1.892** |
| Отпис на капитални средства | 979 | | **979** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | **-** |
| Амортизација | 913 | | **913** |
| **Состојба 31.12.2005 година** | **3.760** | **248** | **4.008** |